**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Бр.______________**

**_________2016 год.**

**С К О П Ј Е**

Согласно член 9 алинеја 6 од Законот за судски буџет (Службен весник на РМ 60/2003, 37/06, 103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на 95-та седница одржана на 19.04.2016 година донесе

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ И ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2015 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во Република Македонија согласно Законот за судови судската власт ја остваруваат судовите како самостојни и независни органи. Судовите своето работење го темелат на Уставот, законите и меѓународните договори кои се дел од правниот поредок на Република Македонија. Функционирањето на судската власт се финансира со средства од Буџетот на Република Македонија. Надлежен за планирањето на потребните средства и извршување на судскиот буџет е Судскиот буџетски совет.

Извештајот за работата на Судскиот буџетски совет и реализација на судскиот буџет за 2015 година изработен е врз основа на Стратешкиот план на судската власт за периодот 2015-2017 година, Конечната годишна распределба на буџетот на судската власт за 2015 година, поединечните извештаи на судовите за нивната работа и реализација на буџетот.

Со извештајот се опфатени активностите на судските органи во периодот од 1.01.2015-31.12.2015 година.

Истиот дава преглед на улогата и одговорностите на оваа институција, организационата структура, активностите спроведени во текот на 2015 година, извршувањето на буџетот на судската власт, како и предизвиците пред кои се наоѓа судството во идниот период.

# СУДСКИ СИСТЕМ

Структурата на судскиот систем е регулирана со Уставот на Република Македонија и Законот за судовите. На врвот на судскиот систем е Судскиот совет на РМ. Судскиот совет е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Врховниот суд на РМ е највисок суд во Република Македонија и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите.

Основните судови судат предмети од граѓанската и кривичната област и истите се организирани како судови со основна и со проширена надлежност. Апелационите судови постапуваат во втор степен и тоа по жалби изјавени против одлуките на основните судови.

Управниот суд и Вишиот управен суд постапуваат по предмети од управната материја со надлежност на целата територија на РМ.

Академијата за судии и јавни обвинители на РМ е јавна установа чија основна цел е да обезбеди компетентно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на судиската и обвинителската функција преку селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидатите за судии и обвинители во основните судови, односно основните обвинителства и постојано и стручно усовршување на судиите и обвинителите и судската администрација и обвинителските службеници.

Прегледот на судскиот систем на Република Македонија ни овозможува да го согледаме бројот и видот на институции од судската власт кои се финансирани со средствата од Буџетот на РМ наменети за судска власт, а понатамошното разгледување на нивното работење и трошење ќе ни даде увид во извршувањето на судскиот буџет за 2015 година.

# СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија издвоен како посебен дел означен со Судска власт. За вршење на работите во врска со судскиот буџет е задолжен Судскиот буџетски совет.

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Претседател на Судски буџетски совет**
*(Претседател на Судски совет на Република Македонија)*

**Членови на Судски буџетски совет:**
*Министер за правда*
*Претседател на Врховен суд на Република Македонија*
*Претседател на Управен суд*
*Претседател на Апелационен суд Скопје*
*Претседател на Апелационен суд Штип*
*Претседател на Апелационен суд Битола*
*Претседател на Апелационен суд Гостивар*
*Претседателите на основните судови Прилеп и Крива Паланка (со мандат до 28.10.2015 година)*
*Претседателите на основните судови Скопје 1 и Крушево (со мандат од 29.10.2015 година)*
*Директор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.*

**Стручна служба на Судски буџетски совет:**
*Државен советник за судски буџет*
*Раководител на Одделение за правни прашања*
*Раководител на Одделение за инвестиции*
*Раководител на Одделение за ИКТ*
*Соработник-економист*
*Соработник-правник*
*Помлад соработник - правник*
*Самостоен референт-сметководител*
*Виш референт - Архивар*

*Структура на Судскиот буџетски совет 2015 година*[1]

[1] Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии, но без право на одлучување.

# НАДЛЕЖНОСТИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

***Судскиот буџетски совет*** покрај тоа што е одговорен за планирање и извршување на годишниот буџет за цела судска власт, ги има следниве надлежности:

- ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судскиот буџет,
- врши распределба на средствата од судскиот буџет на судовите и презема мерки за
  навремено извршување на судскиот буџет;
- одобрува средства за нови вработувања во судовите во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати;
- го назначува внатрешниот ревизор;
- го донесува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти;
- го изготвува годишниот извештај за извршувањето на судскиот буџет;
- врши пренамена на намената на средствата определени во делот „Судска власт" и го овластува Претседателот на СБС да врши пренамена на средствата определени во делот судска власт до определен износ;
- централизирано спроведување на постапки за јавни набавки за единките корисници;
- врши други работи предвидени со закон.

Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши ***Стручната служба*** на Судскиот буџетски совет. Стручната служба е формирана како внатрешна организациона единица на Судскиот совет на Република Македонија.

Стручната служба ги врши следниве работи:

- ги извршува одлуките на Судскиот буџетски совет;
- ги разработува финансиските показатели поврзани со барањата на единките корисници и ги следи нивните материјални потреби,.
- ги изготвува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти, како и критериумите и методологијата за подготвување на судскиот буџет и ги поднесува на Судскиот буџетски совет на усвојување и
- врши други работи доверени од Судскиот буџетски совет

# РАБОТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ ВО 2015 ГОДИНА

Стратешкиот план заедно со предлог буџетот за судската власт претставуваат интегрален дел од системот на планирање и буџетирање. При тоа стратешките приоритети и цели ги вклучуваат независното донесување на судски одлуки, примена на модерни и иновативни судски постапки, исклучителни технолошки подобрувања во работењето, и конечно, одговорност при трошењето со буџетските средства. Планот ја афирмира важноста на јавното мислење, ефективното споделување на информации, како и достапност на јавноста за тоа што го работат судовите.

За 2015 година Судскиот буџетски совет своето работење го темелеше на следните зацртани цели:

1. Обезбедување на со закон предвиденото ниво на судскиот буџет за непречено извршување на функциите на институциите на судската власт во РМ
2. Подобрување на состојбата со примена на Законот за судски буџет
3. Извршување на Судскиот буџет
4. Подобрување на капацитетите на судство за планирање и спроведување на програми поддржани од билатерални и мултилатерални донатори

За остварување на целите во текот на годината Судскиот буџетски совет ги реализираше следните активности:

- Зголемување на ефикасноста во менаџирањето со судскиот буџет преку зајакнување на капацитетите на стручната служба на Судскиот буџетски совет,
- Следење на реализацијата на судскиот буџет со постојано поттикнување и примена на претходно потврдените активности преземени во одредени судови како најдобри практики, со цел максимално економично искористување на одобрените буџетски средства,
- Зајакнување и унапредување на начинот на финансирање на судовите врз основа на претходно утврдени објективни критериуми,
- Тесна соработка со меѓународните институции вклучени во целокупната поддршка на судството и особено во развојот на автоматизацијата и информатичката модернизација во судството,
- Капиталните инвестирања на ниво на судска власт, преку програмите за инвестирање во судовите.

# СЕДНИЦИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Во текот на 2015 година СБС одржа 7 седници на кои беа донесени одлуки во врска со распределбата на буџетот наменет за судската власт и неговото извршување. Исто така во континуитет се следеше реализацијата на судскиот буџет со цел донесување одлуки за пренамена на средствата заради обезбедување максимална реализација на буџетот.

Со цел утврдување на задачите и одговорностите на секој вработен во Судскиот буџетски совет и Стручната служба на СБС, како и обезбедување на единственост на одвивање на работните процеси и остварување на целите на самиот процес, Судскиот буџетски совет усвои пишани процедури за утврдување на активностите кои се одвиваат во Судскиот буџетски совет и Стручната служба на СБС, обрасците, односно документите кои се користат во работниот процес, одговорноста за спроведување на истите и рокот на спроведување во текот на 2015 година.

Позначајни одлуки донесени во текот на 2015 година:

- Одлука бр.02-510/11 од 27.04.2015 година за конечна годишна распределба на Буџетот на Република Македонија за раздел 29010-судска власт, програма 20-Судска администрација, по единки корисници-Судовите и Судскиот совет на Република Македонија, за сметка 603/637, за категорија 40-Плати и надоместоци, категорија 42-Стоки и услуги, категорија 46-Субвенции и трансфери и категорија 48-Капитални расходи, за 2014 година
- Одлука бр.02-510/12 од 27.04.2015 година за конечна годишна распределба на Буџетот на Република Македонија за раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, по единки корисници-Судовите и Судскиот совет на Република Македонија, за сметка 631, категорија 42-Стоки и услуги и категорија 46-Субвенции и трансфери за 2014 година
- Одлука бр.02-510/13 од 27.04.2015 година за усвојување на програмата за работа на Судски буџетски совет за 2015 година
- Одлука бр.02-510/15 од 27.04.2015 година за набавка на фикса телефонија за единките корисници на судската власт

- Одлука бр.02-700/14 од 24.06.2015 година за усвојување на извештајот за работата на Судскиот буџетски совет и реализација на Судскиот буџет за 2014 година
- Одлука бр.02-700/9 од 24.06.2015 година за пренамена на средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, од ставка 404-Надоместоци и ставка 464-Разни трансфери на ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства
- Одлука бр.02-877/5 од 01.09.2015 година за набавка на интернет услуги за единките корисници на судската власт
- Одлука бр.02-877/13 од 31.08.2015 година за дополнителна распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, за сметка 631 по единки корисници
- Одлука бр.02-877/14 од 31.08.2015 година за измена на годишна распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, по единки корисници за сметка 603/637
- Одлука бр.02-1066/19 од 04.11.2015 година за дополнителна распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, за сметка на 603/637, по единки корисници
- Одлука бр.02-1066/16 од 04.11.2015 година за пренамена на средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, од категорија 40-Плати и надоместоци во категорија 42-Стоки и услуги и од ставка 424-Поправки и тековно одржување на ставка 421-Комунални услуги и греење и ладење
- Одлука бр.02-1066/15 од 04.11.2015 година за пренамена на средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, од категорија 48-капитални расходи во категорија 42-Стоки и услуги
- Одлука бр.02-1066/14 од 04.11.2015 година за пренамена на средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 30-Академија за обука на

судии и јавни обвинители, од категорија 40-Плати и надоместоци во категорија 42-Стоки и услуги и во програма 20-Судска администрација

- Одлука бр.02-1066/17 од 04.11.2015 година за усвојување на измена на годишна програма за капитални расходи од Буџет-Судска власт за 2015 година, категорија 48-Капитални расходи, програма 20-Судска администрација и програма 30-Академија за судии и јавни обвинители
- Одлука бр.02-1123/8 од 11.11.2015 година за конституирање на Судскиот буџетски совет во нов состав
- Одлука бр.02-1123/7 од 11.11.2015 година за пренамена на средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители, од категорија 40-Плати и надоместоци во категорија 42-Стоки и услуги
- Одлука бр.02-1206/14 од 07.12.2015 година за дополнителна распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, за сметка 631, по единки корисници
- Одлука бр.02-1206/13 од 07.12.2015 година за дополнителна распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, за сметка 603/637, по единки корисници
- Одлука бр.02-1206/15 од 07.12.2015 година за пренамена ма средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, од категорија 40-Плати и надоместоци во категорија 42-Стоки и услуги
- Одлука бр.02-1206/16 од 07.12.2015 година за за пренамена ма средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, во рамки на категорија 42-Стоки и услуги за сметка 603/637
- Одлука бр.02-1206/17 од 07.12.2015 година за за пренамена ма средства во Буџетот на Република Македонија за 2015 година, раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, во рамки на категорија 42-Стоки и услуги за сметка 631

- Одлука бр.02-1206/18 од 07.12.2015 година за склучување на Договор со ЈП „Службен весник на РМ“
- Одлука бр.02-1334/20 од 30.12.2015 година за годишна распределба на Буџетот за раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, по единки корисници-Судовите и Судскиот совет на Република Македонија и програма 30-Академија за судии и јавни обвинители, за сметка 603/637, за категорија 42-Стоки и услуги и категорија 46-Субвенции и трансфери, за 2016 година
- Одлука бр.02-1334/16 од 30.12.2015 година за усвојување на Програма за работа на Судски буџетски совет за 2016 година
- Одлука бр.02-1334/19 од 30.12.2015 година за годишна распределба на Буџетот за раздел 29010-Судска власт, програма 20-Судска администрација, по единки корисници-Судовите за остварените приходи по основ на судски паушали за 2016 година
- Одлука бр.02-1334/15 од 30.12.2015 година за спорведување групни јавни набавки
- Одлука бр.02-1334/18 од 30.12.2015 година за овластување на Претседателот на Судски буџетски совет да врши пренамена на средства определени во делот „Судска власт“ за 2016 година.

## СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ

Во текот на 2015 година СБС ја продолжи соработката со Проектот на УСАИД за јакнење на судството и Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите.

### ***Преглед на реализирани активности во рамките на Проектот на УСАИД за јакнење на судството***

1. Акцентот во соработката со УСАИД Проектот за јакнење на судството беше ставен на унапредување на критериумите согласно кои се врши подготовка на буџетскиот циркулар на судската власт и унапредување на критериумите по кои се врши распределба на средства од судскиот буџет преку пресметка на цена на чинење на судски предмет. За да се автоматизира, унифицира и објективизира начинот на пресметка на цената на чинење се изработи софтверско решение кое овозможува

интеграција на меѓусебно неповрзаните апликации кои се имплементирани во судовите АКМИС и АБМС системот и кое нуди бројни финансиски извештаи за потребите на менаџерската структура на судовите и за Судскиот буџетски совет. Проектот на УСАИД за јакнење на судството ја финансираше доградба на АБМС апликацијата со овој нов модул, а исто така финансираше обуки за сметководителите и судските администратори за начинот на примена на новиот модул.

Развојот и инсталацијата на ова софтверско решение е реализарано во 2015 година, а во текот на 2016 година се врши тестирање на модулот.

*2. Форум на судска власт:* Проектот ги поддржа средбите на Форумот на судска власт, во кој членуваат претседателот на Судскиот совет, претседателот на Врховениот суд, претседателите на четирите апелациони суда, претседателот на Управниот суд како и претставник од стручната служба на Судскиот буџетски совет. Форумот на судска власт претставува неформална средба на највисоките претставници од судството, на кој се дискутираат важни прашања од областа на судските реформи во РМ. Во текот на 2015 година се одржаа две вакви средби.

***Преглед на реализирани активности во рамките на Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите и Стручната служба на СБС***

Во текот на 2015 година Стручната служба на Судски буџетски совет во партнерство со Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите (ППРО) имплементираше активности насочени кон дефинирање на процес и процедури за спроведување на групни јавни набавки во судството. За подготовка на процесот и процедурите во сегментот групни набавки, група претставници од судската власт, експерти од областа на јавните набавки во претходниот период спроведоа продлабочени анализи и тоа: анализа на искуствата и потребите во поглед на групните јавни набавки и анализа на капацитетот на судовите за спроведување јавни набавки. Со добиените информации работната група го мапираше процесот на групни јавни набавки во судството и го воспостави терминот централизирани групни јавни набавки (ЦГЈН) со цел да ја отслика можноста за пошироко централизирање на набавките не само по локација, туку и по вид на судови и по вид на стоки. Во рамки на мапираниот процес беа опфатени три сегменти: планирање на набавките, реализација на процесот на групни набавки и следење на набавките. Исто така работната група достави и предлог листа на стоки предмет на ЦГЈН како и листа на потенцијални носители за определени ЦГЈН.

2. Во соработка со УСАИД проектот за поддршка на организациите со овластена фирма се реализираа активности за воведување на ИСО стандарди во работењето на Судскиот совет на РМ, Врховен суд на РМ, АС Битола, АС Гостивар, АС Скопје и АС Штип.

Активноста опфати консалтинг и обука на вработените во институцијата при дефинирање, изработка и проверка на потребната документација, обука за спроведување интерна проверка, како и посебна подготовка за процесот на сертификација на институцијата. Воведувањето на ISO системот ги опфаќа сите деловни процеси и деловни единици во институцијатаи во текот на 2015 година се реализираа следните фази и активности:

- Фаза 1 - Почетно снимање на постоечката состојба во секоја институција:
- Фаза 2 - Дефинирање на акциски план за процесот на воведување на ISO системот
- Фаза 3 - Подготовка на потребната документација за воведување на ISO
- Фаза 4 - Едукација за ISO 9001:2015

Дел од активностите за подготовка на процедурите се пренесоа во 2016 година како и активностите од фазата 5 – Спроведување интерна проверка на системот и процесот на сертификација на воведените процедури.

# РЕСУРСИ СО КОИ РАСПОЛАГА СУДСКАТА ВЛАСТ

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2015 ГОДИНА

Обемот, квалитетот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал го условува функционирањето, независноста и ефикасностоста на судската власт, како и степенот на доверба на судската власт во нашето општество. Имајќи во предвид дека судиската функција е носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи, обезбедувањето на соодветни услови од сите аспекти за непречно реализирање на истата е дефинирано како приоритет на Судскиот буџетски совет.

Утврдувањето на бројот на потребни судиски места во судовите е во надлежност на Судскиот совет на РМ, а Советот на судската служба на судската администрација дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите.

Бројот на вработените и нивната квалификациона структура пред се зависи од надлежностите и видот на соодветниот суд, но и од наследените историски состојби.

На ден 01.01.2015 година во Судската власт биле вработени 3.001 лице, а на ден 31.12.2015 година биле вработени вкупно 3.090 лица во судската власт, од кои:

| | | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови на Судски совет | 13 | 13 | 13 | 13 |
| 2 | Судии | 672 | 658 | 609 | 579 |
| 3 | Државни службеници | 38 | 41 | 43 | 45 |
| 4 | Судски службеници | 1.959 | 1.989 | 1.984 | 2103 |
| 5 | Судска полиција | 178 | 190 | 185 | 185 |
| 6 | Работници | 158 | 149 | 167 | 165 |
| 7 | Вкупно | 3.018 | 3.040 | 3.001 | 3.090 |

Вкупниот број на вработени по судови, Судски совет на РМ и Академија за судии и јавни обвинители е прикажан во следните табели:

| Организација | Претседател | Членови на Судски совет | Директор | Раководни државни службаници | Стручни државни службеници | Административно -технички државни службеници | Работник | Вкупен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Судски совет на РМ | 1 | 12 | | 14 | 8 | 7 | 3 | **45** |
| Академија | | | 1 | 2 | 11 | 3 | 2 | **19** |
| **ВКУПНО:** | **1** | **12** | **1** | **16** | **19** | 10 | **5** | **64** |

| Организација | Судии | Раководни судски службеници | Стручни судски службеници | Административно -технички судски службеници | Судска полиција | Работник | Вкупен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Врховен суд на РМ | 19 | 6 | 29 | 26 | 5 | 9 | **94** |
| Виш управен суд | 10 | 1 | 2 | 8 | 1 | 1 | **23** |
| Управен суд | 29 | 1 | 25 | 28 | 3 | 3 | **89** |
| АС Скопје | 41 | 2 | 43 | 47 | 6 | 17 | **156** |
| АС Битола | 21 | 1 | 21 | 24 | 8 | 5 | **80** |
| АС Штип | 13 | 1 | 15 | 21 | 5 | | **55** |
| АС Гостивар | 14 | 1 | 18 | 10 | 1 | 1 | **45** |
| ОС Скопје 1 | 68 | 4 | 66 | 223 | 13 | 18 | **392** |
| ОС Скопје 2 | 73 | 6 | 79 | 202 | 9 | 18 | **387** |
| ОС Велес | 17 | 1 | 13 | 42 | 7 | 4 | **84** |
| ОС Куманово | 30 | 1 | 33 | 86 | 7 | 8 | **165** |
| ОС Битола | 24 | 1 | 21 | 77 | 7 | 6 | **136** |
| ОС Штип | 19 | 1 | 13 | 55 | 4 | 3 | **95** |
| ОС Струмица | 19 | 1 | 16 | 53 | 7 | 5 | **101** |
| ОС Кочани | 8 | 1 | 8 | 28 | 7 | 4 | **56** |
| ОС Прилеп | 17 | 1 | 17 | 57 | 8 | 7 | **107** |
| ОС Охрид | 18 | 1 | 18 | 55 | 5 | 4 | **101** |
| ОС Гостивар | 23 | 1 | 23 | 56 | 6 | 6 | **115** |
| ОС Тетово | 24 | 2 | 46 | 62 | 6 | 16 | **156** |
| ОС Кавадарци | 11 | | 9 | 30 | 7 | 1 | **58** |
| ОС Неготино | 4 | | 3 | 14 | 3 | 1 | **25** |
| ОС Гевгелија | 13 | 1 | 7 | 38 | 5 | 3 | **67** |
| ОС Кратово | 3 | | 2 | 15 | 4 | 1 | **25** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОС Крива Паланка | 5 | 1 | 8 | 19 | 4 | 2 | **39** |
| ОС Крушево | 3 | | 4 | 10 | 3 | 2 | **22** |
| ОС Ресен | 3 | | 4 | 15 | 4 | 1 | **27** |
| ОС Струга | 14 | 1 | 16 | 33 | 5 | 4 | **73** |
| ОС Свети Николе | 5 | | 5 | 12 | 4 | 1 | **27** |
| ОС Виница | 3 | | 4 | 13 | 5 | 1 | **26** |
| ОС Делчево | 3 | | 5 | 23 | 6 | 1 | **38** |
| ОС Берово | 4 | | 3 | 16 | 5 | 1 | **29** |
| ОС Радовиш | 4 | 1 | 6 | 19 | 6 | 1 | **37** |
| ОС Дебар | 5 | | 5 | 15 | 4 | 1 | **30** |
| ОС Кичево | 11 | 1 | 17 | 28 | 5 | 4 | **66** |
| **ВКУПНО:** | **578** | **39** | **604** | **1.460** | **185** | **160** | **3.026** |

Во 2015 година во судската власт беа вработени 2.498 државни и судски службеници (состојба 31.12.2015 година). Вработените во судската администрација вршат стручни, управно надзорни, административно технички, извршни и други работни задачи за процесуирање на предметите во работа во судовите.

Старосната, половата, образовната и националната структура на вработените(без членовите на Судскиот совет на РМ и судиите) е разнолика .

*Образовна структура*

| **Степен на образование** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **ВСС** | 722 | **28,90** |
| **ССС** | 1.592 | **63,73** |
| **Основно образование** | 184 | **7,37** |
| **вкупно** | **2.498** | **100,00** |

*Полова структура*

| **Пол** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **мажи** | 946 | **37,87** |
| **жени** | 1.552 | **62,13** |
| **вкупно** | **2.498** | **100,00** |

*Старосна структура*

| Возраст | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **0-24 години** | 31 | **1,24** |
| **25-49 години** | 1.476 | **59,09** |
| **Постари од 50 години** | 991 | **39,67** |
| **вкупно** | **2.498** | **100,00** |

*Етничка структура*

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Судска Администрација** | 2.041 | 323 | 36 | 25 | 20 | 29 | 10 | 14 | **2.498** |
| **Процентуална застапеност** | 81,17 | 13,37 | 1,34 | 1,05 | 0,88 | 1,26 | 0,34 | 0,59 | **100,00** |

## ***Вработувања во судската власт во 2015 година***

Во текот на 2015 година во судската власт се реализираа 223 вработувања по разни основи и тоа: 209 вработени се вработија по објавени огласи за вработување (по добиена согласност од Министерството за финансии), 10 извршители се преземени од ЈП „Македонски шуми“, 2 извршитела се преземени од Министерството за правда и 2 извршители се преземени од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор. Следат табели за видот и бројот на вработувања по судски единки.

*Реализирани нови вработувања во 2015*

| Реден број | Работни места за кои е објавен огласот | Статус за постапките на огласот | број на извршители |
|---|---|---|---|
| **1** | Судски совет на РМ | Помлад соработник | 2 |
| **2** | Врховен суд на РМ | Помлад референт приправник -СС | 1 |
| | | советник СС | 1 |
| | | Виш судски референт | 5 |
| | | Виш судски соработник | 2 |
| **3** | АС Скопје | Самостоен референт -СС | 1 |
| | | Виш судски соработник | 1 |
| | | Помлад референт приправник-СС | 1 |
| | | Помлад соработник приправник- СС | 1 |
| | | Судски референт | 5 |
| | | Судски соработник | 3 |
| | | Виш судски референт | 3 |
| | | Референт -СС | 1 |
| **4** | АС Штип | Референт- СС | 1 |
| **5** | АС Битола | Помлад референт приправник- СС | 1 |
| | | Помлад судски референт | 1 |
| | | Судски референт | 1 |
| | | Виш судски референт | 2 |
| | | Самостоен судски референт | 3 |
| | | Помлад судски соработник | 1 |
| **6** | ОС Скопје 1 | Работник | 4 |
| | | Помлад судски референт | 9 |
| | | Помлад референт приправник- СС | 11 |
| | | Судски референт | 15 |
| | | Самостоен судски референт | 5 |
| | | Виш судски референт | 4 |
| | | Помлад судски соработник | 10 |
| | | Помлад соработник- СС | 1 |
| | | Помлад судски соработник- | 3 |
| | | приправник | 2 |
| | | Судски соработник | |
| **7** | ОС Скопје 2 | работник | 3 |
| | | Помлад судски референт | 7 |
| | | Помлад референт приправник | 9 |
| | | Судски референт | 11 |
| | | Виш судски референт | 5 |
| | | Помлад соработник приправник | 8 |
| | | Помлад судски соработник | 8 |
| | | Помлад соработник СС | 1 |
| | | судски соработник | 7 |
| | | судски советник | 3 |
| **8** | ОС Куманово | Помлад референт | 4 |
| | | Судски референт | 4 |
| **9** | ОС Велес | самостоен судски референт | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | помлад судски референт<br>судски референт | 2<br>2 |
| **10** | ОС Прилеп | работник | 1 |
| | | судски референт | 3 |
| | | Самостоен судски референт<br>Помлад референт приправник-СС | 2<br>2 |
| **11** | ОС Битола | Помлад судски референт<br>Судски референт<br>Самостоен судски референт<br>Самостоен референт- СС<br>Виш судски референт<br>Помлад судски соработник<br>Советник- СС | 1<br>1<br>3<br>1<br>3<br>1<br>1 |
| **12** | ОС Охрид | Помлад судски референт<br>Судски референт<br>Самостоен судски референт | 1<br>1<br>1 |
| **13** | ОС Струга | Судски референт<br>Самостоен судски референт | 2<br>3 |
| **14** | ОС Струмица | Виш судски референт | 1 |
| **15** | ОС Кочани | работник | 1 |
| **16** | ОС Неготино | работник | 1 |
| **17** | ОС Кичево | Помлад судски соработник | 1 |
| | | | |
| | **ВКУПНО** | | 209 |

*Реализирани вработувања од рамковен договор за 2015 година*

| **Ред бр.** | **Суд** | **Звање** | **Број на извршители** |
|---|---|---|---|
| **1** | АС Гостивар | помлад судски соработник | 2 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | | | 2 |

И покрај тоа што во текот на 2015 година во судовите се реализираа претходно наведените вработувања, состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна во текот година. Тоа се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.).

- потребен стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (стручни соработници, дактилографи, раководители на оддели, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.).

- стручни кадри од областа на човечките ресурси, внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање и сл. Односно се работи за кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба.

### *Извештај за податоците од Регистарот на вработените во судската служба*

Судски буџетски совет во насока на остварување на една од своите законски надлежности утврдени со Законот за судска служба ( формирање на единствена рамка за развој и координација на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси ) ги врши работите што се однесуваат на водењето на Регистарот на вработените во судската служба.

Согласно чл.116 од Законот за судска служба, Стручната служба на Судскиот буџетски совет води регистар на вработените во судската служба, како единствена банка на податоци кои претставуваат класифицирани информации со степен на тајност определен согласно со закон.Судот е должен секој податок за настанатата промена во податоците на вработенте во судската служба да го достави до стручната служба на Судскиот буџетски совет во рок од 15 дена од настанатата промена. Напоредно, судот е должен секој податок за настанатата промена во податоците на вработените во судската служба покрај до стручната служба на Судскиот буџетски совет во рок од 15 дена од настанатата промена да го достави до Министерството за информатичко општество и администрација, заради внесување на податоците во Регистарот на вработени во јавниот сектор.

Регистарот содржи податоци за вкупниот број на вработени судските службеници од судската власт како и бројот на судските службеници, лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судската полиција коишто се структурирани според одредени параметри ( нивоа на работни места на судски службеници односно припадници на судската полиција со звања по категории коишто се утврдени со закон, вид на работно место, пол, возраст, степен на образование, национална припадност ) како и бројот на пријавените и на одјавените вработени лица во тековната година.

Во 2015 година континуирано се продолжи со обработка и ажурирање на податоците за судските службеници во Регистарот.

Во Република Македонија за категоријата на судските службеници кон крајот на 2015 година евидентирани се вкупно:

- 2103 вработени судски службеници во судската власт;

- 52 случаи на престанок на работен однос ( од редовите на судските службеници ) поради пензионирање;

- 12 случаи на заминување на судски службеник со спогодба;

- 4 случаи на престанок на работен однос на судски службеник со отказ;

- 22 случаи на престанок на работен однос по друг основ;

- 198 случаи на нови вработувања на судски службеници по пат на конкурс;

- 20 случаи на вработувања со преземање на судски службеници по основ на спогодба

-25 судски службеници го користеле правото на неплатено отсуство при што 6 во меѓувреме се вратиле од неплатеното отсуство и

- на еден судски службеник му мирува работниот однос.

Во Република Македонија за категоријата на лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи кон крајот на 2015 година се бележи следната состојба:

- 9 случаи на престанок на работен однос поради пензионирање;

- 2 случаи на заминување на технички персонал со спогодба;

- 4 случаи на престанок на работен однос по друг основ;

- 9 случаи на нови вработувања по пат на конкурс;

- 5 случаи на вработувања со преземање по основ на спогодба и

-6 работници го користеле правото на неплатено отсуство.

Во Република Македонија за категоријата на лицата вработени во судовите како припадници на судската полиција, кон крајот на 2015 година се бележи следната состојба:

- еден случај на престанок на работен однос поради пензионирање;

- 2 случаи на престанок на работен однос по друг основ;

- еден случај на вработување со превземање по основ на спогодба и

-2 припадници на судската полиција го користеле правото на неплатено отсуство.

### *Анализа за оценувањето на судските службеници за 2015 година*

Оценувањето на судските службеници претставува континуиран процес кој има за цел да прикаже реалната состојба со квалитетот, стручноста, ефикасноста на работењето и ефективноста во извршувањето службените задачи, односно остварувањето на поставените работните цели.

Во 2015 година во единките корисници на судската власт не е извршено оценување на судските службеници од причина што истото е одложено поради донесениот Закон за дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр. 6/16), со кој согласно чл.2 се регулира дека „По завршувањето на оценувањето на судските службеници во 2015 година нема да се донесува решение за реализирање на

мерките за одличен и слаб ефект согласно со членот 90 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ број 43/14, 33/15 и 98/15).”

***Просторни капацитети***

Работата на судската власт се изведува во 35 објекти распоредени на целата територија на Република Македонија со вкупна површина од 76.038м$^2$. Судовите располагаат и со дополнителни 6.536м$^2$ дадени на користење најчесто на јавните обвинителства или други корисници. Најголемиот дел од зградите се во сопственост на Република Македонија, а дел од нив според катастарската евиденција се во сопственост на судовите. Процесот на префрлање на правото на користење на недвижностите на судските институции не е завршен и тоа се уште претставува проблем за реализирање на одредени капитални зафати потребни за инвестиционо одржување на зградите. Прегледот на просторните капацитети и староста на објектите по апелациски подрачја е следна:

| Реден број | Судска институција | Година на изградба на објект | Нето површина во м$^2$ | Изнајмена површина на други корисници во м$^2$ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Судски совет на РМ | 1972 | 1177 | / |
| 2 | Врховен суд на РМ | 1988 | 5422 | / |
| 3 | Виш управен суд | | 484 | / |
| 4 | Управен суд | | 1212 | / |
| 5 | **Апелационен суд-Скопје** | 1964 | 7691 | 1873 |
| 6 | ОС Скопје 1 | | 3370 | / |
| 7 | ОС Скопје 2 | 1988 | 7568 | 97 |
| 8 | ОС Велес | 1959 | 2500 | 172 |
| 9 | ОС Гевгелија | 1974 | 2101 | 187 |
| 10 | ОС Кавадарци | 1935 | 1096 | / |
| 11 | ОС Неготино | 1989 | 658 | / |
| 12 | ОС Куманово | 1960 | 2838 | 420 |
| 13 | ОС Крива Паланка | 1973 | 989 | 94 |
| 14 | ОС Кратово | 1973 | 602 | / |
| 15 | **Апелационен суд-Битола** | 1958 | 2178 | 535 |
| 16 | ОС Битола | 1974 | 3319 | / |
| 17 | ОС Ресен | 1974 | 548 | 27 |
| 18 | ОС Охрид | 1960 | 2949 | 246 |
| 19 | ОС Струга | 2004 | 2061 | 192 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **20** | ОС Прилеп | 1950 | 3747 | 251 |
| **21** | ОС Крушево | 1978 | 729 | / |
| **22** | **Апелационен суд-Гостивар** | 2007 | 767 | / |
| **23** | ОС Гостивар | 1975 | 2673 | 439 |
| **24** | ОС Кичево | 1966 | 1538 | 103 |
| **25** | ОС Тетово | 1962 | 3113 | 319 |
| **26** | ОС Дебар | 1950 | 830 | 67 |
| **27** | **Апелационен суд-Штип** | 1956 | 1988 | 252 |
| **28** | ОС Кочани | 1968 | 1258 | 116 |
| **29** | ОС Берово | 1974 | 1026 | 47 |
| **30** | ОС Виница | 1948 | 322 | / |
| **31** | ОС Делчево | 1977 | 1230 | 51 |
| **32** | ОС Струмица | 1975 | 2695 | 45 |
| **33** | ОС Радовиш | 1974 | 1844 | 679 |
| **34** | ОС Штип | 1975 | 2528 | 256 |
| **35** | ОС Свети Николе | 1974 | 896 | 68 |
| | | **Вкупно** | **76038** | **6536** |

Сите објекти во кои судските единки ја вршат својата дејност, како што може да се види од податоците наведени во табелата, се изградени одамна. Најстара е зградата во која ОС Кавадарци ја врши својата дејност, а најновата зграда датира од 1989 година, односно од пред 25 години. Ваквата состојба укажува на тоа дека постои потреба од постојана интервенција во одржување на објектите за да можат истите нормално да функционираат, поради што и судовите во своите извештаи навеле приоритети во кои треба во најскоро време да се интервенира за да се обезбеди нормално работење. Голем дел од судовите, односно 65,71%, изнајмуваат одредена површина од своите објекти на други институции.

## ОПРЕМЕНОСТ СО КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И СОФТВЕРСКИ ПРОГРАМИ ВО СУДСКАТА ВЛАСТ

Состојба со опременоста на судовите според нивните извештаи, укажува дека судовите се соочуваат со проблеми кои дополнително ја отежнува работата на судските единки. Имено информатичката технологија со која судовите располагаат е застарена. Истата не е обновена и надополнета подолго време поради што компјутерите се веќе

амортизирани и се склони на почести дефекти. Капацитетот и карактеристиките на моменталната опрема не се соодветни на потребите на судовите со што нивната работа е забавена.

Секој од судовите во своите извештаи навел и детални податоци за потребите од одреден вид на опрема, неопходна за добро функционирање. Тие потреби се сведуваат покрај на набавка на нови компјутери, и на набавка на скенери, печатачи, уреди за тонско снимање, како и инсталирање на одредени софтверски пакети.

***Во судската власт*** во употреба се следните софтверски апликации:

- Софтверски систем **АКМИС инсталиран во сите судови и преку кој се врши евиденција и следење на движењето на судските предмети во работа**;
- **АБМС** системот инсталиран во сите судови на РМ за автоматизиран систем за буџетско и финансиско работење на судовите
- **ЈКМИС** системот инсталиран во Судски совет на РМ за евиденција и оценка на работата на судиите во РМ
- Аудио (видео) систем **ФЕМИДА инсталиран во ситесудови со основна и проширена надлежност во граѓанските судници** – наменет за снимање на рочиштатата во парничните постапки;
- **Софтвер за судска статистика**, инсталиран во Судски совет на РМ - оперативен, и за кој е потребно целосно и сеопфатно внесување на податоци во АКМИС;
- **Електронска достава на судски документи - Јавна база на судски одлуки** – оперативен во сите судови.

Употребата на софтверските апликации бара финансиски средства за оджување и надградба на системите со цел обезбедување висока ефикасност во работењето на судовите. Воведувањето и одржувањето на системите во изминатите години е поддржано најмногу од УСАИД проектот за јакнење на судството. Само дел од потребните средствата во 2015 година се обезбедија од судскиот буџет, поради ограничениот буџет, особено во делот на воведување на нови софтверски апликации.

## АВТОМАТИЗИРАН БУЏЕТСКИ МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ (АБМС)

Автоматизираниот буџетски менаџмент систем во судовите е инсталиран во 2007 година. Администрирањето на истиот се врши во стручната служба на Судски буџетски совет.

АБМС апликацијата опфаќа седум модули и тоа:

- персонална евиденција со регистар на судски службеници
- пресметка на плата
- основни средства
- магацинско и материјално работење
- буџетско работење
- финансиско работење
- трошковен модул

Апликацијата е инсталирана кај секоја единка корисник на судската власт и овозможува целокупното материјално-финансиско работење да се одвива унифицирано и автоматизирано.

Во текот на 2015 година, Стручната служба на Судскиот буџетски совет континуирано продолжи со следење и контрола на функционирањето на АБМС апликацијата (Автоматски буџетски менаџмент систем), администрирање на базата на податоци и подршка на корисниците на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС) со цел овозможување на квалитетна обработка на податоците од тековната работа на судовите и изготвување аналитички материјали и информации за потребите на Судскиот буџетски совет.

Со помош на Проектот на УСАИД за јакнење на судството се извршија неколку надградби и подобрувања на функционирањето на АБМС системот согласно новите законски измени и се изработи нов модул – Трошковен модул кој ќе се користи при проектирање на судскиот буџет и распределба на средствата од истиот за потребите на судовите, а во кој како параметри ќе се користат податоците од АКМИС и АБМС системот. При изработка на новиот модул се имаа во предвид светските трендови дека најобјективен начин за проектирање на судскиот буџет и распределба на средствата од истиот за потребите на судовите е токму определување на цената на чинење на судските предмети.

Судскиот буџетски совет заедно со претставници од фирмата Ултра и УСАИД – Проектот за поддршка на судството реализираше обука на судските администратори и сметководителите од судовите за новиот модул за пресметка на чинење на судски предмети.

Како наредна фаза во имплементацијата на новиот модул беше и започнување со примена на презентираните измени во досегашното користење на модулите Буџетско работење и Персонална евиденција од страна на три пилот судови и тоа Основен суд Битола, Основен суд Велес и Основен суд Крива Паланка.

# ПОСТАПУВАЊЕ НА СБС СОГЛАСНО НАДЛЕЖНОСТИТЕ ПО ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИ И ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИ НА СУДИИ

РЕАЛИЗИРАНИ ПРАВА НА СУДИИ регулирани со Законот за судовите и Законот за платите на судиите во врска со вршењето на судиската функција за 2015 година

Судски буџетски совет секоја година активно постапува и одлучува по барањата на судиите за утврдување на правата што се регулирани со Законот за судовите и Законот за платите на судиите, а кои непосредно се поврзани со вршењето на судиската функција во местата кадешто се именувани за судии, а кои се разликуваат од нивното место на живеење. Судиите кои го исполнуваат законскиот услов, го остваруваат бараното право. Начинот на остварување на правата ги определува Судски буџетски совет со одлука.

Во текот на 2015 година: тројца судии се стекнале со правото на надоместок на патни трошоци; четворица судии го оствариле правото на закупнина на стан и ниту еден судија не се стекнал со правото на одвоен живот.

Преглед на податоци за утврдените права на судиите во тековната 2015 година

| Ред. бр. | Право по Закон за судови и Закон за плати на судии | Број на реализирани права | Број на нереализирани права |
|---|---|---|---|
| **1.** | Надосместок за патни трошоци | 3 | / |
| **2.** | Закупнина на стан | 4 | / |
| **3.** | Надоместок за одвоен живот | / | / |
| | **Вкупно** | **7** | / |

По однос на обезбедување на правата на судиите, и понатаму останува како проблем околноста што судиите кои ја вршат судиската функција надвор од местото на нивното живеалиште не можат да го остварат правото на користење на службен стан. Барањата на судиите за одобрување на правото на користење на службен стан Судски буџетски совет ги препраќа до Владата на Република Македонија, при што судиите можат во меѓувреме до моментот на признавањето на правото да ја искористат опцијата од законот и да побараат Судски буџетски совет да им го одобри или правото на надоместок за закупнина на стан (доколку склучат договор за закуп на стан) или правото на надоместок на патни трошоци.

# ОБЕМ НА РАБОТА НА СУДСКИ ЕДИНКИ

Во периодот од 1.01.2015 - 31.12.2015 година со работата на судовите опфатени се вкупно 658.038 предмети во работа, од кои поголемиот дел се кривични предмети, а помалку застапени се граѓанските предмети.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

| р б | Суд | Нерешени предмети од претходнат а година | Примени предмет и | Вкупно предмет и во работа | Решени предмет и | Нерешен и предмет и на крајот од годината | Разлика од нерешен и предмет и на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Врховен суд на РМ** | 1716 | 5517 | **7233** | 5431 | **1802** | **-86** |
| 2 | **Виш управен суд** | 82 | 5445 | **5527** | 4432 | **1095** | **-1013** |
| 3 | **Управен суд на РМ** | 10773 | 15143 | **25916** | 16044 | **9872** | **901** |
| | **Апелациони судови** | | | | | | |
| 1 | **АС Битола** | 481 | 7828 | **8309** | 7650 | **659** | **-178** |
| 2 | **АС Гостивар** | 461 | 6808 | **7269** | 6460 | **809** | **-348** |
| 3 | **АС Скопје** | 6274 | 20103 | **26377** | 18961 | **7416** | **-1142** |
| 4 | **АС Штип** | 91 | 5365 | **5456** | 4936 | **520** | **-429** |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **ОС Битола** | 6866 | 22956 | **29822** | 25095 | **4727** | **2139** |
| 2 | **ОС Крушево** | 267 | 1682 | **1949** | 1718 | **231** | **36** |
| 3 | **ОС Охрид** | 5692 | 17027 | **22719** | 16643 | **6076** | **-384** |
| 4 | **ОС Прилеп** | 4958 | 18728 | **23686** | 20128 | **3558** | **1400** |
| 5 | **ОС Ресен** | 809 | 3473 | **4282** | 3654 | **628** | **181** |
| 6 | **ОС Струга** | 2754 | 14239 | **16993** | 14378 | **2615** | **139** |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **ОС Гостивар** | 8250 | 36358 | **44608** | 37014 | **7594** | **656** |
| 2 | **ОС Дебар** | 377 | 5529 | **5906** | 5564 | **342** | **35** |
| 3 | **ОС Кичево** | 973 | 13557 | **14530** | 13661 | **869** | **104** |
| 4 | **ОС Тетово** | 6183 | 27028 | **33211** | 28031 | **5180** | **1003** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Велес** | 2499 | 18096 | **20595** | 18102 | **2493** | **6** |
| 2 | **ОС Гевгелија** | 750 | 13286 | **14036** | 13448 | **588** | **162** |
| 3 | **ОС Кавадарци** | 1755 | 10607 | **12362** | 10987 | **1375** | **380** |
| 4 | **ОС Кратово** | 163 | 1796 | **1959** | 1799 | **160** | **3** |
| 5 | **ОС Крива Паланка** | 679 | 4990 | **5669** | 4993 | **676** | **3** |
| 6 | **ОС Куманово** | 8128 | 30002 | **38130** | 32410 | **5720** | **2408** |
| 7 | **ОС Неготино** | 2137 | 6495 | **8632** | 7369 | **1263** | **874** |
| 8 | **ОС Скопје I Скопје** | 43981 | 81759 | **125740** | 83532 | **42208** | **1773** |
| 9 | **ОС Скопје II Скопје** | 15703 | 42948 | **58651** | 45054 | **13597** | **2106** |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Берово** | 223 | 3864 | **4087** | 3809 | **278** | **-55** |
| 2 | **ОС Виница** | 294 | 3674 | **3968** | 3720 | **248** | **46** |
| 3 | **ОС Делчево** | 752 | 5417 | **6169** | 5213 | **956** | **-204** |
| 4 | **ОС Кочани** | 1442 | 11158 | **12600** | 11343 | **1257** | **185** |
| 5 | **ОС Радовиш** | 339 | 9278 | **9617** | 9009 | **608** | **-269** |
| 6 | **ОС Св. Николе** | 666 | 5015 | **5681** | 5232 | **449** | **217** |
| 7 | **ОС Струмица** | 4215 | 25219 | **29434** | 26183 | **3251** | **964** |
| 8 | **ОС Штип** | 2972 | 13943 | **16915** | 14162 | **2753** | **219** |

**Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **143705** | **514333** | **658038** | **526165** | **131873** | **11832** |

**Податоците се превземени од Судски совет на РМ.**

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА РАЗДЕЛ 29010-СУДСКА ВЛАСТ

Самостојниот судски буџет како гаранција за обезбедување сигурен извор на финансиски средства и навремена и редовна дистрибуција на истите, до сите сегменти на судскиот систем, претставува една од темелните вредности врз која се заснова целосното етаблирање на самостојно и независно судство како носител на судската власт.

Почнувајќи од 2012 година требаше да започне примената на член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет (Службен весник на РМ бр 145 од 5.11.2010 година) кој предвидува средствата за ‘‘судска власт‘‘ во Буџетот на Република Македонија потребни за функционирање на единките корисници, да се утврдуваат во износ од најмалку 0,8 %, при што за буџетската 2012 година требаше да изнесува 0,5 % од БДП на Република Македонија. Оваа законска одредба не се примени во 2015 година.

***Вкупниот буџет на судската власт за 2015 година (Сл. Весник на РМ бр.155 од 24.10.2014 година) изнесуваше 1.853.691.000 денари. Предлог буџетското барање на судската власт за 2015 година изнесуваше 2.305.500.000 денари, што значи, одобрените средства со буџетот за 2015 година не беа доволни за нормално и ефективно работење на единките корисници на судската власт.***

***Во текот на годината беше извршен ребаланс на буџетот на Република Македонија (Службен весник на РМ бр.144 од 24.08.2015 година) и буџетот беше зголемен за 4.670.000 денари односно за 0,25% или во апсолутен износ 1.858.361.000 денари.***

Согласно Законот за судски буџет, судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судските единките корисници што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за нивно финансирање. Судскиот буџет се состои од две програми:

**Програма 20**- *судска администрација* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелациските судови и основните судови со основна и проширена надлежност.

**Програма 30**- *Академија за судии и јавни обвинители* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите на Академијата.

Трошоците на судскиот буџет ги сочинуваат:

1) **тековните трошоци за:**

- платите и надоместоците на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, судиите и директорот на Академијата за судии и јавни обвинители,
- платите и надоместоците на судските службеници, судската полиција, другите вработени во судовите, како и државните службеници во Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за судии и јавни обвинители,
- стоки и услуги за работа на единките корисници,
- трошоци во постапките, освен за трошоците за надоместок на штета за лица неосновано осудени и неосновано лишени од слобода и
- субвенции и трансфери и

2) **капиталните расходи:**

- набавка на капитални средства за единките корисници и
- инвестиционо одржување на објектите и опремата на единките корисници.

## ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКО БАРАЊЕ ЗА 2015

Предлог-пресметката на судскиот буџет за 2015 година претставува основа за остварување на:

- функциите на Судскиот совет на РМ уредени во Законот за судски совет (Службен весник на РМ бр. 60/2006, 150/2010, 10/2011, 20/2015 и 61/2015),
- функциите на судовите уредени во Законот за судови (Службен весник на РМ бр. 58/2006, 35/2008 и бр.150/2010),
- дејноста на Академијата за судии и јавни обвинители уредена во Законот за Академија на судии и јавни обвинители (Службен весник на РМ бр. 20/2015, 192/2015 и 231/2015),
- надлежностите на Судскиот буџетски совет уредени во Законот за судски буџет (Службен весник на РМ бр. 60/2003, 37/2006, 103/2008 и бр.145/2010), и
- остварување на стратешките приоритети и цели на судската власт односно имплементација на реформата на судството.

Пресметката на предлог буџетот беше изготвена согласно член 22 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012 и 192/2015), член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет (Службен весник на РМ бр 145 од 5.11.2010 година) и врз основа на добиениот буџетски циркулар од Министерството за финансии бр. 07-19358/1 од 09.06.2014 година во кој беа содржани главните насоки за подготовка на предлог буџетските барања за 2015 година, според кои буџетските корисници на централната

власт и фондовите изготвуваат предлог на буџетско барање за своите активности опфатени во програми и потпрограми.

Судскиот буџетски совет на 67-та седница усвои нови Критериуми за подготовка на судскиот буџет согласно кои единките корисници на судскиот буџет беа задолжени до 31.07.2014 година да ги изготват и достават своите предлог буџетски барања. Рокот беше запазен од страна на сите единки корисници.

Буџетскиот циркулар на судската власт за 2015 година беше изготвен согласно барањата на единките корисници на судската власт и анализата на истите. И покрај укажувањата на Министерството за финансии при подготовката на буџетскиот циркулар, буџетските корисници во проекциите да се движат во рамките на средствата одобрени со буџетот за 2014 година, судската власт поднесе барање согласно реалните потреби на единките корисници на судската власт. Барањето ги вклучи нереализираните обврски од 2014 година кои судската власт ги префрли во идната година и расходите кои се проектираа за 2015 година.

Предлог буџетот за 2015 година за разделот 29010- судска власт изнесуваше вкупно 2.305.500.000 и е поголем во споредба со максимално проектираниот предлог буџет утврден со буџетскиот циркулар за 2015 година кој треба да се движи во рамките на буџетот за 2014 година. Иако, предлог буџетот ги изразуваше реалните и објективни потреби на единките корисници на судската власт, сепак одобрениот буџет за 2015 година изнесува 1.853.691.000 денари и не беше доволен за да ги покрие потребите на судските единки за 2015 година.

## СТРУКТУРА НА СУДСКИ БУЏЕТ ЗА 2015 ГОДИНА

Во 2015 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.853.691.000 денари. Од овие средства 1.794.306.000 денри се приходи од централниот Буџет на Република Македонија, 52.785.000 се сопствени приходи и 6.600.000 денари се однесуваат на приходи од донации. Сопствените приходи се однесуваат на приходи остварени од наплата на судските паушали и закупнини од издавање на деловен простор што согласно Законот за судски буџет се приходи на судовите.

Во текот на годината беше извршен ребаланс на буџетот на Република Македонија (Службен весник на РМ бр.144 од 24.08.2015 година), беа извршени и бројни пренамени со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на единките корисници на судската власт.

Структурата на буџетот по програми и категории за 2015 година е претставен во следната табела.

| | Судска администрација | | Академија за судии и обвинители | | Судска власт | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | Конечен буџет 2015 | % | Конечен буџет 2015 | % | Конечен буџет 2015 | % |
| Плати и надоместоци | 1.516.587.000 | 83,21 | 15.673.000 | 43,78 | 1.532.260.000 | 82,45 |
| Стоки и услуги | 264.303.126 | 14,50 | 19.700.000 | 55,03 | 284.003.126 | 15,28 |
| Субвенции и трансфери | 27.790.854 | 1,52 | 15.000 | 0,04 | 27.805.854 | 1,50 |
| Капитални расходи | 13.882.020 | 0,76 | 410.000 | 1,15 | 14.292.020 | 0,77 |
| | 1.822.563.000 | 100,00 | 35.798.000 | 100,00 | 1.858.361.000 | 100,00 |

Притоа забележливо е доминантното учество од 82,45 % на категоријата 40-плати и надоместоци од плати, а ниското учество на останатите три категории. Категоријата 42 стоки и услуги која во вкупниот буџет учествува со 15,28% е недоволна за подмирување на сите обврски од работењето на судовите кои произлегуваат од редовната работа на судовите.




Споредбената анализа на судскиот буџет за 2015 во однос на буџетот од 2014 година ја покажува истата структурна застапеност на различните категории на трошоци со минимално намалување на расходите за плати и надоместоци од 2,87% и капиталните расходи од 0,71%, на сметка на зголемување на расходите за стоки и услуги од 3,14% и субвенции и трансфери од 0,43%.



# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ

# НА ПРОГРАМА 20-СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

## БУЏЕТСКА СМЕТКА

Реализацијата на буџетот за 2015 година за програма 20-судска администрација за сметка 603/630 буџетска сметка изнесува 99,71%.

## КАТЕГОРИЈА 40 – ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ

Категоријата 40-Плати и надоместоци од плати ги опфаќа средствата наменети за исплата на плати и надоместоци од плати за сите вработени лица во судската власт:

*401 – Основни плати*

*402 – Придонеси за социјално осигурување*

*404 –Надоместоци*

Исплатата на платите на членовите на Судски совет, судиите, судски службеници и други вработени во судската администрација, државните службеници, судската полиција и др. вработени се регулирани со Законот за плати на членови на Судскиот совет на РМ, Законот за плати на судиите, Законот за судска служба, Законот за административни службеници и Законот за работни односи.

Од месец август со исплата на платата во септември 2015 година започна исплатата на додатокот за кариера на судските службеници и државните службеници согласно Закон за судска служба (Сл. весник 98/08, 161/08, 06/09 и 150/10) и со тоа се овозможи исполнување на законските права и обврски на оваа категорија вработени.

Надоместоците кои се исплаќаат во рамките на ставка 404-Надоместоци се однесуваат на надоместокот за дежурство и одвоен живот. Основот и правото на надоместок од дежурство е дефиниран со член 96 од Законот за судови, а надоместокот за одвоен живот со член 12 од Законот за плати на судии (Службен весник на РМ бр. 110/2007, 103/2008, 161/2008, 153/2009, 97/2010, 67/2010 и 135/2011).

За таа цел со буџетот беа обезбедени средства во висина од 1.516.578.000,00 денари. Истите беа реализирани со стапка од 99,88%.

| 40-Конечен буџет | 40-Реализација на буџет | 40-% на реализација |
|---|---|---|
| 1.516.587.000 | 1.514.755.744 | 99,88 |

Во рамките на категорија 40-Плати и надоместоци се реализираат прекувремени часови работа и ноќни часови работа за припадниците на судската полиција. Реализираните часови и износи по наведените основи се прикажани во следната табела:

| месец | Реализирани часови | Вкупен износ ноќна работа | Реализирани часови | Вкупен износ прекувремена работа |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 7.116 | 367.729 | 1.738 | 346.683 |
| Февруари | 6.726 | 380.513 | 1.522 | 331.725 |
| Март | 7.377 | 381.424 | 1.601 | 319.984 |
| Април | 7.116 | 367.953 | 1.566 | 312.634 |
| Мај | 7.600 | 412.874 | 2.311 | 482.725 |
| Јуни | 6.971 | 361.247 | 1.608 | 324.354 |
| Јули | 6.768 | 340.033 | 1.538 | 296.271 |
| Август | 6.712 | 367.259 | 1.888 | 393.588 |
| Септември | 6.901 | 356.187 | 1.621 | 323.704 |
| Октомври | 7.148 | 371.195 | 1.928 | 384.424 |
| Ноември | 6.880 | 374.317 | 1.676 | 350.187 |
| Декември | 7.225 | 357.942 | 1.517 | 291.481 |
| | 84.540 | 4.438.673 | 20.514 | 4.157.760 |

Прекувремените часови работа се реализираат поради недоволниот број на вработени лица во категоријата судска полиција кои вршат обезбедување на судската зграда и лицата во период од 24 часа, согласно Судскиот деловник.

## КАТЕГОРИЈА 42 – СТОКИ И УСЛУГИ

Средствата за тековно работење на единките корисници на судскиот буџет се обезбедуваат во рамките на категоријата 42- Стоки и услуги. Најголемиот дел од обврските на судовите кои се содржани во оваа ставка произлегуваат од надлежности или активности во судските постапки кои се одредени со процесните закони и со самото тоа се неизбежни. Обезбедувањето на доволен и објективен буџет на оваа ставка е од исклучително значење за нормално и редовно остварување на фукнциите на единките корисници на судската власт.

Предлог буџетското барање за 2015 година, за сите ставки од категоријата 42 изнесуваше 518.210.000,00 денари, а во него беа вклучени и потребните средства за помирување на обврските кон доверителите од 2014 година. Конечниот одобрен буџет од 195.980.517,00 денари, беше само 37,82% од побараните средства. Тоа ја наметна потребата судските единки целосно рационално да ги трошат одобрените средства. Овој

износ се реализира во висина од 99,46%. Распределбата на средствата од буџетот по ставки во рамките на категоријата 42 е претставена на следниот график:




Најголем износ на средства се предвидени за ставката 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, односно 58%, а најмал износ за ставките 420 - Патни дневни расходи и 426 – Други тековни расходи. Одобрените буџетски средства во апсолутен износ и нивната реализација се претставени на графикот што следи.




*Ставка 420-Патни и дневни трошоци*

Ставката 420-Патни и дневни расходи се однесува на дневниците за службени патувања, сместување и патните трошоци во земјата и во странство. Предлог буџетот за

оваа ставка изнесуваше 2.600.000 денари. Но, средствата од првичната одобрениот буџетот за 2015 година беа речиси 9 пати помали од планираните и изнесуваа 300.000,00 денари.

| Првично одобрен буџет 2015 | Конечен буџет 2015 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 300.000,00 | 294.130,00 | 283.421,00 | 96,36 |

Од наведениот износ беа реализирани неколку патувања на членови на Судскиот совет и Врховниот суд во две земји членки на Европската унија заради презентирање на македонскиот судски систем и размена на искуства од нивните правосудни системи.

Дел од службените патувања беа наменети за работни посети на судиите од апелационите судови на основните судови од своето подрачје, а со цел намалување на бројот на застарени предмети, воедначена примена на материјалното право и судскиот деловник. Друг дел од трошоците за службени патувања се однесуваа на патувањата на претставниците на судовите од државата во Скопје и тоа:

- за состаноци кои ги организраат Врховниот суд на РМ, Министерството за правда и др институции, а на кои се поканети да присуствуваат претставници на судовите

- за учество на членовите на Судскиот буџетски совет на седници на СБС и членовите на комисиите на Судскиот буџетски совет

- за учество на членовите на Советот на судската служба на седници (со оглед дека една од надлежностите на Советот е да одлучува по жалби во втор степен за правата, обврските и надлежностите на судските службеници, за што е определен рок за одговор, потоа членовите на советот учествуваат како членови во комисии за спроведување на постапки за вработување на судските службеници и сл)

- за патувања на вработените од Секторот за внатрешна ревизија

- учество на судиите, судските и државните службеници на семинари, форуми, работилници и сл.

### *Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*

Проектираните потребни средства за ставка 421- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, изнесуваа 198.000.000 денари. Со првичната распределба на буџетот 2015 за оваа ставка беа одобрени 111.349.000,00 денари што е 56,24% од побараните средства и недоволно за покривање на сите трошоци од работењето како и неподмирените обврски од претходната година. Оваа сума со ребалансот се намали на 109.639.000,00 денари, но во текот на годината со прнемени беа обезбедени дополнителни средства во износ од 3.010.624,00 денари и конечниот буџет изнесуваше 112.649.624,00 денари.

| Првично одобрен буџет 2015 | Конечен буџет 2015 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 111.349.000,00 | 112.649.624,00 | 112.258.232 | 99,65 |

Средствата потребни за подмирување на трошоците опфатени со ставката 421 постојано бележат зголемување кое е предизвикано од:

- зголемувањето на бројот на институциите на судската власт како и од проширувањето на просторниот капацитет на судските згради со доградби и надградби

- зголемувањето на бројот и видот на опремата во судовите (набавка на нови компјутери, сервери, климатизери и сл)

- зголемувањето на цената на електричната енергија

- зголемувањето на цената на топлинската енергија и маслото за загревање

- редефинирањето на надлежноста на судовите (согласно член 31 и 32 од Законот за судови, судовите со проширена надлежност се надлежни за определено подрачје во делот на кривичните дела и граѓанските спорови)

Судскиот буџетски совет презеде мерки за рационализација на овие трошоци и се очекува во следниот период истите да дадат позитивни ефекти.

Во продолжение следи објаснување на направените трошоци за позначајните потставки:

*421110-Електрична енергија*

Спроведувањето на реформата на судската власт од аспект на целосна компјутеризација и целосната примена на софтверски решенија за Автоматско водење на предметите и Автоматизираниот менаџмент буџетски систем предизвикаа зголемена потрошувачка на електрична енергија. Со измените на Законот за парнична постапка (Службен весник на РМ бр. 79/2005,110/2008, 83/2009 и 116/2010 година) се воведе тонското снимање на рочиштата кое се врши на сигурносен медиум за тонско снимање. Со донација од УСАИД-проектот за имплементација на судските реформи во 80 судници во судовите е вградена опрема за тонско снимање на рочиштата што значи зголемена потрошувачка на електрична енергија.

*421210-Централно греење и 421240-Течни горива*

Судската власт располага со бруто корисна површина од 77.000 метри квадратни. Судовите на подрачјето на град Скопје се загреваат на топлинска енергија и ги користат услугите на Топлификација АД Скопје, а судовите во другите градови се загреваат со течно гориво.

*421310- Пошта*

Уредната достава на судските писмена до странките во судските спорови, законските застапници, сведоците, вештите лица и сл, е предуслов за одржување на судските рочишта. Во рамките на ставката 421 потставката 421310-Пошта зафаќа голем процент од потребните средства.

Со цел заштеда во трошоците, Судскиот буџетски совет донесе Одлука со која судовите се должни да вршат меѓусебно помагање при доставата на писмената. Од направената анализа најголем дел од потребните средства за оваа намена се однесуваат на достава што се врши на подрачјето на град Скопје, а на подрачјето на судовите доставата ја вршат судските доставувачи-курири кои се во редовен работен однос во судот.

*421320-Телефон и факс и 421390 Други трошоци за комуникација (Интернет)*

Согласно Одлуката на СБС за спроведување на централизирана јавна набавка за фиксна и мобилна телефонија и интернет пристап на судовите, Судскиот совет на РМ спроведе набавка за мобилни телефони што овозможи големи заштеди преку бесплатните телефонски разговори во мрежата на судската власт.

*421410- Горива и масла и 421420 регистрација на моторни возила*

Возниот парк со кој располага судската власт опфаќа околу 70 возила. Просечната старост на возилата изнесува 18 години, што упатува на тоа дека се работи за застарени модели и типови на возила чија потрошувачка на горива е голема .

*421440-Транспорт на луѓе*

Согласно член 12 од Законот за плати на судиите став 1 алинеја 2 и Законот за судови член 62 став 2 е регулирано дека судија кој живее во една, а работи во друга општина има право на надоместок на трошоци за превоз во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа. Значајно е и тоа дека започнувајќи од 2009 година со примената на концептот на бруто плата, реалните патни трошоци за членовите на Судскиот совет и избраните судии се исплаќаат од оваaa категија и тоа дополнително го оптоварува буџетот на оваа ставка.

Направени обврски во текот на 2015 година по пооделни потставки:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 421110 | електрична енергија | 32.407.369 | 25,02 |
| 421120 | вода | 5.941.623 | 4,59 |
| 421130 | ѓубретарина | 2.788.158 | 2,15 |
| 421210 | централно греење | 15.522.854 | 11,99 |
| 421240 | течни горива | 13.495.423 | 10,42 |
| 421310 | пошта | 44.600.367 | 34,44 |
| 421320 | телефон и телефакс | 5.475.590 | 4,23 |
| 421390 | други трошоци за комуникација | 591.007 | 0,46 |
| 421410 | горива и масла | 2.609.055 | 2,01 |
| 421440 | транспорт на луѓе | 6.076.814 | 4,69 |
| | вкупно | 129.508.260 | 100,00 |

*Ставка 423-Ситен инвентрар, алат и други материјали за поправка*

Проектираните потребни средства на оваа ставка за 2015 година согласно предлог пресметките на судовите изнесуваат 42.000.000 денари.

| Првично одобрен буџет 2015 | Конечен буџет 2015 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 18.000.000,00 | 16.200.098,00 | 16.176.410,00 | 99,85 |

Овој вид на расход во вкупните материјални расходи учествува со околу 8% и средствата се користат за следните намени:

Во услови на реформа во судството, засилени напори за решавање на старите предмети, борба со организираниот криминал, двојазичност во работата на судовите и изрекувањето на пресудите, единките корисници на судската власт имаат потреба од редовно, количински доволно и навремено обезбедување со канцелариски материјал, а особено хартија и АОП опрема. Судовите согласно позитивните законски прописи се должни да обезбедат потребен број на примероци на судските одлуки за сите странки во постапката. Целосното воведување на АКМИС системот-електронско водење на предметите предизвика трошокот за канцелариски материјали и АОП опрема да се зголеми , за сметка на печатарските услуги. Ова од причина што програмата АКМИС дава можност сите покани, пликоа, доставници и други судски писмена кои досега се

набавуваа од печатници, да се печатат во судот, со што воопшто нема да се користат печатени материјали, кои беа поевтини и тоа во сооднос 1/2.

| | | |
|---|---|---|
| 423110 | канцелариски материјали | 13.580.900 |
| 423120 | материјали за АОП | 1.293.771 |
| 423710 | материјали за хигиена | 1.093.100 |
| 423810 | ситен инвентар | 431.450 |
| 423990 | други материјали | 799.766 |
| | вкупно | 17.198.987 |

*Ставка 424-Поправки и тековно одржување*

Проектираните потребни средства на судовите за оваа намена за 2014 година изнесуваа 18.610.000,00 денари. Со првично одобрениот буџетот беа износот на средства на оваа ставка беше 8.000.000,00 е за околу 43% помалку во однос на проекцијата.

| Првично одобрен буџет 2015 | Конечен буџет 2015 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 8.000.000,00 | 6.905.492,00 | 6.847.994,00 | 99,17 |

Овој износ на средства во вкупните материјални расходи учествуваше со околу само 4%. Одобрените средства се реализираа во висина од 99,17 %.

Мора да се потенцира и податокот дека возниот парк со кој располагаат единките корисници на судската власт е стар за што се потребни значителни средства за нивно одржување. Судската власт располага со 70 возила, чија просечна старост е повеќе од 17 години. Поради дотраеноста, неколку судови не располагаат ниту со едно возило во исправна состојба. Како резултат на тоа, најмал процент од оваа трошоците од оваа ставка отпаѓаат на тековно одржување на судските згради, поради што судовите не можат да го плаќаат потребното редовно одржување на инсталациите, како на пример громобранската инсталација, сервисирање на опрема за ПП заштита, чистење на парните котли од лиценцирани фирми и слично.

Во рамките на оваа ставка се обезбедуваат средства и за одржување на АБМС системот, годишната претплата за хостирање на WEB страните на судскиот систем во РМ, одржување на имплементираниот е-маил систем Lotus Notes кој е значајна компонента во функционирањето на Системот за електронска достава на судски

документи, како и за одржување на персоналните компјутери и принтери на кои им е изминат гаранцискиот период.

Одобрените средства на оваа ставка не беа доволни за да се покријат сите потреби за оджување на зградите, возниот парк и опремата имајќи ја во предвид застареноста на сите нив и големиот интензитет на потребни интервенции.

| | | |
|---|---|---|
| 424110 | поправки и сервисирање на лесни возила | 1.772.297 |
| 424210 | одржување на згради | 1.665.337 |
| 424420 | поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 3.209.324 |
| | вкупно | 6.646.958 |

*Ставка 425- Договорни услуги*

Проектираните потребни средства на судовите за договорни услуги изнесуваа 250.000.000,00 денари и беа повисоки за 19.500.000,00 денари во однос на првично одобрениот буџет. Оваа ставка се реализираше со 99,35%.

| Првично одобрен буџет 2015 | Конечен буџет 2015 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 55.000.000,00 | 57.130.274,00 | 56.761.688,00 | 99,35 |

Овој вид на расход во вкупните материјални расходи учествуваше со околу 29% во вкупните средства предвидени за оваа категорија. Оваа ставка учествува со најголем процент во неизмирените обврски.

Трошоците кои се опфатени со ставката ***425- Договорни услуги*** во најголем дел се однесуваат на трошоци за кривичните постапки и прекршочните постапки. Обезбедувањето на потребните средства за овие трошоци е неопходно за нормално и навремено спроведување на судските рочишта и обезбедување фер и навремена правда за странките во процесите. Во рамките на истата се алиментираат расходите за следните намени:

*425250-Осигурување на недвижности и 425260-Осигурување на моторни возила*

Одговорното користење на објектите, машините, опремата и возилата подразбира заштита од евентуални непредвидени штети, односно осигурување на недвижностите и моторните возила со кои располага судската власт.

*425310-Правни услуги*

Правните услуги се однесуваат за назначените полномошници (бранители по службена должност) во кривичните полнолетни и малолетнички предмети. Податоците покажуваат дека постои тенденција за зголемување на бројот на назначени полномошници во кривичните предмети воопшто, а особено е големо учеството на назначени правни полномошници во малолетничките криминални предмети, согласно Законот за малолетничка правда. Овие трошоци се најизразени кај основните судови со проширена надлежност.

*425340-Судски вештачења*

Изготвените наоди и мислења од страна на Институтот за судска медицина, Бирото за судски вештачења, психијатриски болници и вешти лица со цел утврдување на фактичката состојба од стручен аспект за постапките пред судовите од областа на судската медицина, материјално финансиското вештачење, градежно - архитектонското, сообраќајно - машинските, нормативно правните и стручно административните вештачења се неопходен услов за остварување на судиската функција. Потребните средства за оваа намена бележат тенденција на постојано зголемување како резултат на определбата на Владата на РМ за спречување на организираниот криминал и корупцијата и зголемувањето на цените на услугите за вештите наоди. ОС Скопје 1, кој е единствен кривичен суд за предмети од областа на организираниот криминал за територијата на Р.Македонија, во кој се работат најсложените кривични дела и предметите од областа на организираниот криминал и корупцијата има највисоки трошоци на оваа ставка.

*425990-Други договорни услуги*

Во рамките на оваа подставка најголем дел од трошоците се за потребите за судии поротници. Дополнително, бројот на хигиеничарки кои се во редовен работен однос во единките корисници на судската власт не е доволен, па оттука единките корисници на судската власт овој недостиг го надминуваат со склучување на договори за одржување на хигиената со надворешни фирми. Исто така, во рамките на оваа ставка се обезбедуваат средства за судиите кои немаат свој стан во местото каде работат, согласно Законот за плати на судии. Во рамките на оваа ставка се обезбедуваат средства за исплата на обврски кон медиумите за објава на огласи за слободни судиски места и нови вработувања.

| | | |
|---|---|---|
| 425310 | правни услуги | 10.927.358 |
| 425320 | судски вештачења | 13.231.125 |
| 425990 | Други договорни услуги | 12.107.549 |
| | вкупно | 36.266.032 |

*Ставка 426- Други тековни расходи*

Средствата распределени со првично одобрениот буџет за 2015 беа пониски од планираните за 4.500.000,00 денари и истите се реализираа со 92,92%.

| Првично одобрен буџет 2015 | Конечен буџет 2015 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|---|
| 2.500.000,00 | 2.800.899,00 | 2.602.491,00 | 92,92 |

Ставката 426-Други тековни расходи ги опфати пред се расходите за репрезентација, членарини и др. оперативни расходи. Значителен износ во рамките на оваа ставка се однесуваше за објава на огласи во медиумите и Службен весник на РМ, како и за превоз на леш во кривичните постапки.

## КАТЕГОРИЈА 46 – СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ

Со предлог буџетското барање за оваа категорија беа предвидени средства во висина од 28.000.000,00 денари, што е за 54% повисок износ од првично одобрените средства. Категоријата 46-Субвенции и трансфери ги опфаќа трошоците за:

- Правосилни извршни решенија,

- Трошоците за повреда на правото на судење во разумен рок, а согласно член 36 став 6 од Законот за судови

- Согласно член 13,14 и 15 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година (Службен весник бр.155/2014), буџетските корисници исплаќаат средства и по следните основи: отпремнина при пензионирање, парична помош во случај на смрт на вработениот и член на потесното семејство, боледување подолго од 6 месеци и сл.

| 46-Конечен буџет | 46-Реализација на буџет | 46-% на реализација |
|---|---|---|
| 23.158.463,00 | 23.073.498,00 | 99,63 |

*Анализа на состојбата на исплатените досудени правични надоместоци на подносителите на барањата по правосилните решенија на Врховниот суд на Република Македонија за 2015 година*

Судски буџетски совет при исплатата на паричните надоместоци по правосилните решенија на Врховниот суд на Република Македонија на подносителите на барањата што

им се досудени заради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, постапува согласно Уставот на Република Македонија, Законот за судовите, како и според правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Основата на правото на судење во разумен рок е чл.6 и чл.13 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи што претставува клучна гаранција за создавање на ефикасен и делотворен правосуден систем во кој се обезбедува правната сигурност врз основа на принципот на владеење на правото и преку заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи.

Од спроведената анализа во врска со исплатата на паричните надоместоци од страна на Судскиот буџет, а по доставените правосилни решенија на Врховниот суд на Република Македонија, за периодот од 01.01.2015 – 31.12.2015 година се бележи следната состојба:

- Од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, на ставка 464 извршена е исплата на правични надоместоци по доставените правосилни решенија од Врховниот суд на Република Македонија заради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок на подносителите на барањата во вкупен износ од 6.413.232,00 денари.
- Судски буџетски совет изврши пренос на досудените средства од буџетската сметка 290104169663714, категорија 46 – субвенции и трансфери, ставка 464, подставка 464/464910 – плаќање по судски решенија, на депозитната сметка на Судскиот буџетски совет бр.290104169669610 а поради ненавремено и подолго недоставување на бараните податоци од страна на подносителите на барањата во вкупен износ од 390.721,00 денари.
- Судски буџетски совет изврши враќање на досудените средства во Буџетот на Република Македонија поради недоставување на бараните податоци од страна на подносителите на барањата во законски определениот рок ( односно во рок од 1 година од денот на преносот на досудените средства на депозитна сметка на Судски буџетски совет ) во вкупен износ од 282.412,00 денари.

Овој податок може да се согледа преку следниот графички приказ:



Со оглед на наведеното, треба да се нагласи фактот што и покрај потешкотиите што ги имаме околу прибирањето на потребните податоци од странките како подносители на барањата а на кои им е досуден правичниот надоместок заради утврдената повреда на правото на судење во разумен рок, врз основа на кои се врши реализацијата, Судски буџетски совет особено внимава на почитување на законскиот рок за исплата на овие надоместоци во рок од три месеци од од денот на правосилноста на решенијата на Врховниот суд на Република Македонија.

### *Одобрени финансиски средства за исплата на парична помош и отпремнина на вработените во единките корисниците од судската власт за 2015 година*

На годишно ниво, од Буџетот на Република Македонија за 2015 година, од ставка 464, одобрени и исплатени се финансиски средства од раздел 29010 – судска власт, категорија 46 – субвенции и трансфери, за програма 20 – судска администрација износ од **7.035.428,00** денари за исплата на надоместоци од работен однос за 2015 година.

Во тековната 2015 година, до единките корисници одобрени се :

- 67 барања за парична помош, при што исплатени се финансиски средства во вкупен износ од 1.230.000,00 денари;
- 12 барања за исплата на непрекинати боледувања подолги од шест месеци, при што исплатени се финансиски средства во вкупен износ од 338.023,00 денари и
- 127 барања за исплата на отпремнина, при што исплатени се финансиски средства во вкупен износ од 5.467.405,00 денари.

Овој податок може да се согледа преку наведениот табеларен преглед:

| Основ на надоместок од работен однос | Вкупно реализирани | Вкупно исплатени |
|---|---|---|
| Парична помош | 67 | 1.230.000,00 |
| Непрекинати боледувања подолги од шест месеци | 12 | 338.023,00 |
| Отпремнини | 127 | 5.467.405,00 |
| **Вкупно** | **206** | **7.035.428,00** |

## КАТЕГОРИЈА 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

За категорија 48 - капитални расходи, Програма 20-судска администрација, со Буџетот судска власт за 2015 година беа предвидени 13.000.000 денари. Одобрените средства за капитални расходи беа деветкратно помали од барањата што ги доставија единките корисници со буџетските циркулари, каде што беа наведени потреби од средства за капитални расходи во износ од 116.800.000 денари.

Буџетски одобрените средства претрпеа измени во текот на годината поради нивно кратење со Ребалансот на Буџетот за 2015 од 24.08.2015 година, како и поради измени по барања од Судскиот буџетски совет за пренамени во рамките на Буџетот судска власт, за што Министерството за финансии издаде соодветни одобренија. Капиталните расходи за Буџет судска власт – Програма 20 Судска администрација за 2015 година претрпеа измени и поради наплата на извршно решение, по што конечната распределба на капитални расходи е нивелирана на 13.882.000 денари.

Целосен преглед на распределбата во категорија 48 капитални расходи - Програма 20 – Судска администрација по ставки, со направените измени во текот на годината, е прикажан во следната табела:

| | **Буџет 2015** | **Ребаланс Буџет 24.08.2015** | **Одобрение Мин.финан. 24.09.2015** | **Измена СБС-Одобрение Мин.финан. 08.10.2014** | **Конечна распределба Буџет ( по наплата на извршно реш.)** |
|---|---|---|---|---|---|
| *480* | **3.000.000** | 3.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 | 2.972.000 |
| *485* | **10.000.000** | 11.000.000 | 11.300.000 | 10.910.000 | 10.910.000 |
| ***48*** | **13.000.000** | 14.000.000 | 14.300.000 | 14.010.000 | **13.882.000** |

Средствата на категорија 48 – капитални расходи за судовите и за другите единки корисници на судскиот буџет се наменети за следните стратешки приоритети и цели:

- подобрување на условите за работа во судовите;
- инвестиционо одржување на објектите и опремата во судовите и другите единки корисници;

- прилагодување на судската инфраструктура за следење на реформите на правосудството;
- координација на инвестиционите активности со проекти што се спроведуваат од страна на меѓународни финансиски институции или донатори;
- одржување на информатичкиот систем на судската власт, како дел од програмските задачи за зголемување на ефикасноста во судството.

Во рамките на одобрените средства, Судскиот буџетски совет ја планираше Годишната програма за капитални расходи од Буџетот судска власт за 2015 година, која ги опфати само најнеопходно потребните капитални расходи за работа на судските институции во Република Македонија. Заради овозможување на динамично следење на потребите на единките корисници, а во функција на поефикасна реализација на Програмата, Судскиот буџетски совет и во 2015 година донесе Одлука за овластување на претседателот на СБС да врши пренамена на средства определени во делот Судска власт.

Приоритет во планирањето на капиталните расходи од Буџетот судска власт за 2015 година имаше одржувањето на неопходно потребното ниво на заштита на компјутерската инфраструктура на судскиот систем во Република Македонија. За таа цел од ставка 485 – вложувања и нефинасиски трансфери, потставка 485230-компјутерски софтвер беа реализирани вкупно 10.907.932 денари, и тоа за следните цели:

- годишна софтвер претплата за Firewall Check Point заштитата во судовите во РМ во износ од 4.850.000 денари;
- годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на хардверот и системскиот софтвер за функционирање на АКМИС системот во судовите во РМ во износ од 3.593.100 денари;
- годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на хардверот и системскиот софтвер за централизиран backup/restore на базата на податоци на судовите во РМ во износ од 1.365.482 денари;
- двегодишна обнова на Kaspersky Antivirus и Trend MicroInterScann Messaging за заштита од вируси на персоналните компјутери во судскиот систем во РМ и заштита од вируси на Gateway во Врховен суд на РМ во износ од 1.099.350 денари.

Од планираните средства на ставката 480 – купување на опрема и машини во износ од 3.000.000 денари, до крајот на годината беа реализирани 798.221 денар, од кои:

- за набавка на информатичка опрема 190.000 денари за АС Гостивар;

- за набавка на опрема за греење и климатизација 84.390 денари за набавка на климатизери и
- за набавка на друга опрема 523.831 денар, од кои околу 300.000 денари за метални архивски ормари за Виш управен суд, Управен суд, Основен суд Скопје 2 и ОС Крива Паланка, како и околу 120.000 денари за набавка на фотокопир апарати за неколку судови каде што беше потребно да се обнови овој тип на опрема.

Процентот на реализацијата на активностите за предвидените капитални расходи во рамките на Годишната програма за капитални расходи од Буџетот судска власт за програма 20 – судска администрација во 2015 година изнесува 84,33% и е еднаков на нивото на релативно висока искористеност на буџетски распределените средства постигнато претходната 2014 година.

Намалениот процент на искористеност на буџетските средства, се должи на ненавремената реализација на следните инвестициони активности, кои што се префрлени како пренесени обврски во 2016 година:

- набавка на опрема за греење и климатизација и контрола на влажност во пасивни архиви подрум ниво -1 и 2 во новиот Кривичен суд во износ од 1.668.000 денари и
- набавка на систем за автоматско гаснење на пожар – корпоаделикти подрум ниво -1 и систем за автоматско гаснење на пожар во пасивни архиви подрум ниво -1 и -2 во новиот Кривичен суд во износ од 442.000,00 денари.

Постигнатата реализација поединично по ставки е претставена во следната табела:

| ставка/ категорија | распределба (денари) | реализација (денари) | процент на реализација (%) |
|---|---|---|---|
| **480** | 2.972.000 | 798.221 | 26,86 |
| **485** | 10.910.000 | 10.907.932 | 99,98 |
| **48** | **13.882.000** | **11.706.153** | **84,33** |

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ПРОГРАМА 30- АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

## РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ВО 2015 ГОДИНА

Академијата во 2015 година успешно да ги оствари своите предвидени активности, во согласност со нејзината визија и мисија, на планот на унапредување на стандардите на обука, во согласност со современите принципи и стандарди на европските институции за обука и најновите документи на меѓународните организации во врска со обуката во правосудството.

Академијата целосно ја реализира Програмата за работа за 2015 година, како и законските надлежности во поглед на почетната и континуираната обука на судиите, обвинителите и другите целни групи, преку целосна реализација на годишните каталози за 2015 година, за обука на судиите, обвинителите и судско-обвинителската администрација, како и на планот на домашната и меѓународната соработка преку реализација на многубројни проекти.

Воедно, продолжи со јакнење на партнерството со институциите за обука на земјите од регионот и Европа во делот на имплементацијата на тренинг-модулите кои претставуваат приоритети за обука, а продолжи и со реализација на уште една многу значајна дејност, а тоа е преведување и објавување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, како и на други релевантни меѓународни документи, издавање публикации и брошури, кои претставуваат значаен извор на знаење и градење на процесот на доживотно учење. Воедно, со континуираното членство во активностите на меѓународните тела и организации на Европската унија и Советот на Европа, и тоа EJTN, Комитетот ГРЕКО при Совет на Европа, Советодавниот совет на европските судии (ССЕС), Европската комисија за ефикасноста на правдата (СЕПЕЖ) и многу други, обезбедува компаративни информации и документи со кои се обезбедува квалитетно и ефикасно правосудство, а истите претставуваат и можност за промовирање на правосудниот систем на Република Македонија.

Во 2015 година во Академијата, покрај директорот, беа ангажирани вкупно 16 административни службеници, 2 работници, еден волонтер и еден ангажиран со договор на дело.

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше согласно Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и Годишниот каталог на активности за 2015 година, кој беше целосно реализиран.

Обуките беа фокусирани на најважните области на правото, како што се измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската практика, како и обуки за комплементарни вештини и специјализирана обука за новоизбрани судии и јавни обвинители според посебно дизајнирана програма за обука. Особен акцент беше ставен на обуките во областите и темите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), особено обуки во следните области: обуки за измените и дополнувањата на Законот за парнична постапка, на Кривичниот законик и на новиот Закон за кривична постапка, обуки за борба против организираниот криминал и корупцијата и финансискиот криминал, етика и судир на интереси, примена на Европската конвенција за човекови права, особено чл. 10, одделни области од правото на ЕУ итн.

Поголемиот дел од обуките што ги спроведе Академијата беа мултидисциплинарни, со интердисциплинарен состав на предавачите и на учесниците.

Во периодот од 1 јануари 2015 година до 31 декември 2015 година во организација на Академијата се реализирани вкупно 267 обуки, со учество на 5888 учесници, од кои 2814 беа судии, 1014 јавни обвинители, 1468 стручен соработник од судовите и обвинителствата и 592 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, невладин сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ 2015

За 2015 година на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 31.293.000,00 денари.






Од почетокот на 2015 година заклучно со 31 декември 2015 година Академијата реализира 27.582.622,00 денари, односно 85,35 % од својот буџет. Реализацијата на буџетот по ставки покажува дека најниска стапка на реализација е присутна кај јатегоријата 40-Плати и надоместоци од плати со процент од околу 77,03%. Причината за ваквата реализација на категорија 40 е тоа што за периодот 2014-2015 година беше предвидено да се спроведе почетна обука на Петтата генерација за 21 кандидат за судии и јавни обвинители, но по објавениот оглас само 13 кандидати ги исполнуваа условите и започнаа со обуката. Исто така беше предвидено и прием на VI генерација на кандидати за судии и јавни обвинители.

| Ставка од буџетот | Одобрен буџет | Конечен буџет | Разлика | Реализација | % на реализација на буџетот |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | 14.696.000,00 | 13.371.000,00 | 1.325.000,00 | 10.270.046,00 | 69,81 |
| 402 | 5.097.000,00 | 4.397.000,00 | 700.000,00 | 3.798.552,00 | 84,25 |
| 420 | 300.000,00 | 300.000,00 | 0,00 | 299.995,00 | 100,00 |
| 421 | 2.000.000,00 | 2.700.000,00 | -700.000,00 | 2.700.000,00 | 100,00 |
| 423 | 800.000,00 | 1.000.000,00 | -200.000,00 | 1.000.000,00 | 100,00 |
| 424 | 300.000,00 | 700.000,00 | -400.000,00 | 700.000,00 | 100,00 |
| 425 | 7.000.000,00 | 7.400.000,00 | -400.000,00 | 7.393.529,00 | 99,91 |
| 426 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 0,00 | 995.500,00 | 99,55 |
| 464 | | 15.000,00 | -15.000,00 | 15.000,00 | 100,00 |
| 480 | 100.000,00 | 410.000,00 | -310.000,00 | 410.000,00 | 100,00 |
| Вкупно | 31.293.000,00 | 31.293.000,00 | 0,00 | 27.582.622,00 | 85,35 |

**420 ПАТНИ И ДНЕВНИ ТРОШОЦИ – вкупен износ од 300.000 денари**

Поради ефикасно организирање на повеќедневни обуки и семинари, од оваа ставка се обезбедуваат средства за хотелско сместување за учесниците, предавачите и менторите од другите Апелациони подрачја

Со цел да се унапреди меѓународната соработка на Академијата во рамките на оваа ставка се предвидени средства кои се потребни да се реализираат меѓународните студиски посети на странски институции, реализирање на учество на конференции и работни состаноци,при што трошоците кои не се покриени од странскиот проект, истите се надоместуваат од буџетските средства на Академијата.

**421 КОМУНАЛНИ УСЛУГИ - вкупен износ 2.700.000 денари**

Оваа ставка ги покрива основните трошоци за комуналните услуги, телефонските услуги, средства за гориво, транспорт. Со оглед на тоа дека активностите за реализирање на овие обуки се извршуваат по апелациони подрачја во регионалните центри Битола, Штип и Гостивар, со цел за целосно извршување на предвидените активности, од поголем обем се трошоците за гориво, трошоците за превоз на учесниците и предавачите и за одржување на возилото.Академијата поседува само едно возило поради што, континуирано се спроведува јавна набавка на услуга за патнички транспорт на луѓе.

Комуникацијата за организирање и реализирање на програмата за работа на Академијата изискува поголем обем на средства за покривање на трошоците за комунални услуги.

**423 СИТЕН ИНВЕНТАР, АЛАТ И ДР. МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОПРАВКИ – вкупен износ од 1.000.000 денари**

Средствата од оваа ставка беа наменети за набавка на канцелариски материјал, нова стручна литература, компјутерски репроматеријал, средства за хигиена, прехранбени продукти, резервни делови и други материјали.

**424 ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ – вкупен износ од 7.00.000**

Опремата и просторот датираат од 2005 та година поради што постои потреба од континуирано надградување и одржување не само на објектот, туку и на патничкото моторно возило, потоа на опремата за видео надзор, опремата за симултан превод, системот за греење и ладење и друго, опремата која ја користат вработените во својата секојдневна работа, со цел истата беспрекорно да функционира.

**425 ДОГОВОРНИ УСЛУГИ – вкупен износ од 7.400.000 денари**

Средствата од оваaa категотрија беа наменети за исплата на надоместок на предавачите кои предаваат во Академијата во рамките на почетната и континуираната обука како и на менторите и координаторите, експертите кои учествуваат во подготвување на прашањата и материјалите кои се составен дел од приемниот и завршниот испит, за изнајмување опрема и соодветен простор како и преведувачи за писмен и симултан превод.

### 426 Други тековни расходи вкупен износ 1.000.000 денари

Поради специфичноста на дејноста која што се извршува во Академијата, обемот и видот на активности и трошоци кои настануваат во редовното работење а кои што не би можеле да се покријат од другите предвидени ставки, се користат средствата кои се распределени на оваа ставка. Овде се вклучени средства со кои се надоместуваат трошоците во почетна и континуирана обука.

### Сметка 785 – Сметка на донации

Академијата за судии и јавни обвинители во текот на 2015 година има предвидено реализација на низа проекти кои што треба да се реализираат во соработка со институции од странство, по пат на донации кои се во вкупен износ од 9.000.000, овие проекти се започнати во 2014 и нивната конечна реализација е во 2015 година, распределени се по следните ставки:

| | буџет | реализација |
|---|---|---|
| 420 | 2.000.000 | 840.220 |
| 421 | 50.000 | |
| 423 | 100.000 | 40.000 |
| 425 | 3.500.000 | 696.050 |
| 426 | 950.000 | 950.000 |
| вкупно | 6.600.000 | 2.526.270 |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОПСТВЕНИТЕ ПРИХОДИ НА СУДОВИТЕ ЗА 2015 ГОДИНА

Покрај средствата одобрени од Буџетот на РМ, со судскиот буџет се планира, усвојува и реализира буџет на сопствени приходи, кои судовите ги остваруваат по различни основи и тоа:

- Приходи остварени од други неданочни приходи
- Приходи од осигурување на имот
- Приходи од депозити, закупнини, судски паушали и сл.

Конечниот буџет на сопствени приходи за 2015 година изнесуваше 72.785.000,00 денари, а неговата распределба по ставки во вкупниот буџет е претставена на графикот.




Притоа како што може да се забележи најголем дел од средствата се наменети за ставката 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт или 41%, а следна позначајна ставка е 425-договорни услуги. Исто така дел од буџетот се троши и за покривање на потребите за материјали и ситен инвентар и тоа 15%.

Реализацијата на буџетот за 2015 година за програма 20-судска администрација за сметката 631 сопствени средства изнесува 90,91 %. Степенот на реализација на одобрените буџетски средства од оваа сметка по категории од буџетот е претставено на следниот график.



# ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСПЕШНОСТА ВО ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2015 ГОДИНА

**Заклучоци:**

1. Процентот на реализација на судскиот буџет изнесува 99,35 %, и е во согласност со заложбите на СБС за максимално искористување на одобрените средства.
2. Во текот на годината, имајќи ја во предвид состојбата на единки корисници и нивните приоритети, извршени се бројни пренамени на намената на средствата заради поефикасна реализација на буџетот.
3. Предлог буџетското барање на судската власт за 2015 година изнесуваше 2.305.500.000 денари вклучувајќи ги средствата наменети за финансирање на работењето на програма 20-судската администрација и средствата наменети за програма 30-Академијата за судии и јавни обвинители
4. Одобрените средства со буџетот на судската власт за 2015 година не беа доволни за реализација на сите обврски на судската власт и покрај тоа што единките корисници на судската власт најекономично и најефективно ги користеа одобрените средства.
5. Во текот на 2015 година од месец септември започна исплатата на додатокот на плата за кариера согласно Законот за судска служба и Законот за државни службеници
6. Судовите правеа напори за наплата на судските паушели и по тој основ обезбедија дополнителни средства за тековното работење
7. Поради недоволно обезбедени средства во буџетот на судската власт единките коринсници на судската власт не се во можност да постапат по одредени обврски кои се законски дефинирани:

   - замена на компјутерската опрема во рок, согласно амортизираноста на опремата
   - доградба на софтверкисте програми од средства на судскиот буџет
   - дејствија кои треба да се превземат за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци судовите, но поради недоволно обезбедени средства во буџетот судовите не можат да ги реализираат
   - не се извршени систематски прегледи на вработените во судската власт (освен Академијата за судии и јавни обвинители) ,
   - не се обезбедени средства за набавка на опрема и оружје на судската полиција
   - не се врши редовно тековно одржување на различните системи на инсталации и други постројки во судските згради

- не се изврши воведување на системи за управување со квалитет во работењето на единките корисници (освен во Судски совет на РМ, Врховен суд на РМ, четирите апелациони судови и Академијата за судии и јавни обвинители) и др;

8. Дел од средствата во рамките на категорија 42-Стоки и услуги не се реализираа и покрај тоа што судовите имаа иницирано налози за плаќање во законски определениот рок за плаќање во 2015 година, за што од Министерството за финансии единките корисници не добија известување за причините поради кои налозите се одбиени;
9. Судскиот буџетски совет давајќи им конкретни насоки на менаџментот на судовите настојуваше ефикасно да се искористуваат расположливите средства. Сепак недостигот на средства за подмирување на сите обврски е евидентен преку износот на обврски кои се пренесуваат за следната година. Неизмирените обврски за 2015 година кои се пренесоа во 2016 година изнесуваат 170.856.390 денари, од кои обврски над 60 дена изнесуваат 159.613.900 денари и претставуваат сериозно оптоварување на буџетот за 2016 година. Неизмирените обврски на судската власт најмногу се однесуваат на буџетки корисници и јавни претпријатија и тоа: ЈП Македонска пошта, Медицински факултет-Институт за судска медицина, Биро за судски вештачења, Министерство за внатершни работи, болници и сл. Дел од обврските кон овие институции се постари од три години, а за истите СБС ќе ја извести Владата на РМ, Министерството за правда и Министерството за финансии.
10. Проблемот со несоодветната кадровска структура останува актуелен и во 2015 година. Исто така значајно е и нерамномерното оптоварување на вработените од исти категории во различни судови.
11. Компјутерската опрема во судовите е застарена и недоволна на потребите на судовите и воведените софтверски решенија. Со судскиот буџет изминатите години не се обезбедува доволно средства за замена на постоечката компјутерска опрема. Зависноста на судската власт од странски донации од аспект на набавка на нова компјутерска опрема и набавка и доградба на софтверски програми беше евидентна и во 2015 година
12. Зградите во кои се сместени судските институции се стари и имаа потреба од реновирање на дел од нив. Посебно е нагласена потребата од реновирање на фасадата на Врховниот суд на РМ, реконструкција на Апелациониот суд Скопје и ОС Скопје 2, малите судови со основна надлежност, и сл. За ОС Скопје 2 во текот на годината не беа обезбедени средства за замена на прозорците оштетени при протест. Кровните конструкции во неколку судови се во многу лоша состојба. Со оглед дека судовите располагаат со голем број на предмети во работа кои бараа

прописно чување и архивирање, нагласена е потребата од обезбедување и уредување на соодветен архивски простор. За Вишиот управен суд, Управниот суд и Академијата за судии и јавни обвинители останува потребата за обезбедување на соодветни просторни услови.

13. Соодветно на обемот на работата и начинот на работа на СБС (на седници) потребно е Стручната служба на Судскиот буџетски совет кадровски да се зајакне со правници од категоријата Б – раководни службеници
14. Возниот парк во судовите е стар и дотраен. Просечната старост на возилата е околу 17 години, што значи дека возилата имаат потреба од чести поправки , а исто така имаат голема потрошувачка на гориво.
15. Освен во судовите со проширена надлежност каде што мебелот во судниците и во судските кабинети е обновен, во другите судови мебелот е стар, а во некои судови е речиси неупотреблив.
16. АБМС системот овозможи секојдневно следење на реализацијата на буџетите на судските единки, а податоците од тоа овозможија да се постигне и висок степен на реализација на вкупниот буџет на судската власт.
17. Судскиот буџетски совет давајќи им конкретни насоки на менаџментот на судовите настојуваше ефикасно да се искористуваат расположливите средства. Сепак недостигот на средства за подмирување на сите обврски е евидентен преку обврските кои се пренесуваат за следната година.
18. Реализирани се активностите планирани со проектот на УСАИД за јакнење на судството и УСАИД проектот во соработка со ДЕТРА за унапредуавње на работењето на организациите.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Бранко Ушковски